**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Јавно Претпријатие за Државни патишта**

**Бр.________________**

**________________**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор донесе:

## ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2014 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

1. Годишниот план за јавните набавки за 2014 година број 02-10351/6 од 31.12.2013 година се менува во следните точки:

70. Набавка за  изработка, дополнување и прилагодување на проектна документација за изградба на државен пат Р2246, делница Гарски мост - Извор се менува во делот на очекуваниот почеток на постапката и тоа од месец март се преместува во месец февруари. Во останатиот дел точката 70 останува непроменета.

Односно во Годишниот план за јавните набавки во 2014 година со број 02-10351/6 од 31.12.2013 година, горенаведената јавна набавка се менува и изменетиот план гласи:

| РБ | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Очекуван почеток на постапката** | **Вид на постапка** |
|---|---|---|---|
| 70 | Изработка, дополнување и прилагодување на проектна документација за изградба на државен пат Р2246, делница Гарски мост - Извор | февруари | Отворена постапка |

2. Годишниот план за јавните набавки за 2014 година, број 02-10351/6 од 31.12.2013 година, се дополнува со следната јавна набавка:

- Изработка на проектна документација за изградба, рехабилитација и реконструкција на следните патни правци:

- Рехабилитација на регионален пат Делчево-Голак

- Рехабилитација на магистрален  пат Кочани-Делчево

- Рехабилитација на регионален пат Нов Дојран – Николиќ
- Рехабилитација на регионален пат Лажани – Ропотово –Црнилиште (општина Долнени)
- Изградба на регионален пат с.Коњарево – н.Коњарево (општина Ново Село-струмичко)
- Рехабилитација на регионален пат Кривогаштани – Обршани - Воѓани

Односно Годишниот план за јавните набавки во 2014 година со број 02-10351/6 од 31.12.2013 година, се дополнува со точка 71 за се горенаведената јавна набавка и планот гласи:

| **РБ** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Очекуван почеток на постапката** | **Вид на постапка** |
|---|---|---|---|
| 71 | Изработка на проектна документација за изградба, рехабилитација и реконструкција на следните патни правци:<br><br>Рехабилитација на регионален пат Делчево-Голак; Рехабилитација на магистрален пат Кочани-Делчево; Рехабилитација на регионален пат Нов Дојран – Николиќ; Рехабилитација на регионален пат Лажани – Ропотово –Црнилиште (општина Долнени); Изградба на регионален пат с.Коњарево – н.Коњарево (општина Ново Село-струмичко); Рехабилитација на регионален пат Кривогаштани – Обршани - Воѓани | февруари | Отворена постапка |

**3.** Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2014 година број 02-10351/6 од 31.12.2013 година останува непроменет.

**Образложение:**

Измената и дополнувањето на Планот за јавните набавки за 2014 година, донесен од Управниот одбор со број 02-10351/6 од 31.12.2013 година претставува ажурирање на постоечкиот план. Имено, во набавката под реден број 70 е сменет очекуваниот почеток на постапката, од март во февруари.

Потребата од дополнување на истиот е неопходна заради итна реализација на проектите опфатени со Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта.

Рокот за изработка на проектната документација од набавката под реден број 71 ќе бидат од 3 до 6 месеци, а за плаќање ќе бидат 120 дена од склучување на договорот за јавна набавка.

Потребните финансиски средства за реализирање на горенаведената набавка под реден број 71 се предвидени со Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2014 година, а средствата ќе бидат обезбедени од заштедата од набавката за надзор за изградба на автопат А4 делница Миладиновци-Свети Николе – Штип.